# Дневна хемеротека за 31.12.2015г.

**Среќна Нова 2016 Година**

## Макфакс - Пуштен во употреба дел од водоводниот систем во Липково

МАКФАКС

### Пуштен во употреба дел од водоводниот систем во Липково



Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, во среда заедно со градоначалникот на општина Липково, Садула Дураку, министерот за економија Беким Незири и министерот за локална самоуправа Лирим Шабани свечено ги пуштија во употреба крак 1 и крак 3 од водоводниот систем во Липково.

Вкупната должина на крак 1 и крак 3 од водоводниот систем изнесува 14,54 километри. Со нив со вода се снабдуваат населените места Липково, Оризаре, Слупчане, Ваксинце и Лојане, со вкупно население од 13.687 жители, односно 2.736 домаќинства.

За овој проект Министерството за животна средина и просторно планирање обезбеди средства во висина од  58.381.065 денари.

Проектот е завршен за 13 месеци,  иако со потпишаниот договор се предвидени 16 месеци за реализација на градежните зафати. /крај/со/ст

## Tetova Sot - *[Ministri Izairi në inaugurimin e sistemit të ujësjellësit në Likovë]*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Ministri Izairi në inaugurimin e sistemit të ujësjellësit në Likovë




30/12/2015

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi bashkërisht me kryetarin e komunës së Likovës Sadulla Duraku, ministrin e Ekonomisë Bekim Neziri, ministrin e Vetëqeverisjes Lokale Lirim Shabani solemnisht lëshuan në përdorim krahun 1 dhe krahun 3 të sistemit të ujësjellësit në Likovë.

Gjatësia e përgjithshme e kësaj pjese të sistemit të ujësjellësit është 14,54 km përmes së cilës me ujë furnizohen vendbanimet Likovë, Orizare. Sllupçan, Vaksincë dhe Llojan, ose popullata e përgjithshme prej 13.687 banorësh, përkatësisht 2.736 amvisëri.

Për këtë projekt,  Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor siguroi mjete financiare  në vlerë prej  58.381.065 denarësh.

Projekti përfundoi për 13 muaj, edhe pse me marrëveshjen  e nënshkruar ishin paraparë 16 muaj për realizimin e punimeve të ndërtimit.

## Скопје инфо – [Општина Чаир ќе користи електрични возила]

skopjeinfo.mk
АЗБУКАТА НА ГРАДОТ

# Општина Чаир ќе користи електрични возила

Испрати | Ми се допаѓа | Сподели 24 | Tweet | G+1 0




Советот на општина Чаир, на предлог на градоначалникот Изет Мемети, донесе одлука за замена на целокупниот возен парк на општината со нови еколошки возила на електричен погон. Возилата ќе бидат корисни за животната средина, но ќе бидат и поекономични, бидејќи се овозможува заштеда на средства од општинскиот буџет. Покрај тоа што ќе биде првата македонска општина што целосно ќе го замени стариот возен парк, Општина Чаир наскоро ќе го постави првиот полнач за електрични автомобили на нејзина територија.

Локалните власти планираат овој проект да го покренат и на ниво на Град Скопје и ЗЕЛС, со цел истиот да се прошири. Постапката за продажба на постојните општински возила е во тек, а јавната набавка на пет автомобили на електричен погон ќе биде објавена по 15 јануари 2016 година.

## Популарно - *ФОТО: Македонија го доби првиот прототип на паметни влошки кои произведуваат електрична енергија*

# ФОТО: Македонија го доби првиот прототип на паметни влошки кои произведуваат електрична енергија



Ми се допаѓа Сподели 1

Оваа година се одржа првиот климатски камп во Македонија, „Од Тебе Зависи", кој имаше за цел да ги поттикне граѓаните да ги промовираат своите идеи за тоа како може да се намалат штетните влијанија на климатските промени во урбаните средини.

НАЈЧИТАНО ДЕНЕС

Настани низ објективот на Популарно.мк за 2015 (ПРЕ ДЕЛ)

ТАТЈАНА АЛЕКСИЌ: Да

Победничкиот тим доби 10.000 долари за револуционерните паметни влошки кои генерираат електрична енергија за полнење батерии од најразлични гаџети како смарт телефони, таблети, лаптопи… Влошките во чевлите кои генерираат електричнаенергија се први од ваков тип во Македонија, а претставуваат иновативно решение кое има за цел да ни помогнеме за да живееме во почиста и поздрава околина.

Денеска влошките пред јавноста ги презентираше нашиот најдобар маратонец Кокан Ајдановски, кој трчајќи со паметните влошки успеа да го наполни својот таблет.




Климатскиот камп „Од Тебе Зависи" беше поддржан од Канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во Скопје, Шведската Амбасада, Проектот на УСАИД за општински стратегии за климатски промени спроведуван од Милиеуконтакт Македонија, Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство (ФИНКИ) и Министерството за животна средина и просторно планирање.

## еМагазин - *Италија: Ограничување на брзината за 20 км на час и нови автобуси поради загадувањето*

еМагазин
Прв македонски онлајн магазин

# Италија: Ограничување на брзината за 20 км на час и нови автобуси поради загадувањето

75 VIEWS ДЕКЕМВРИ 31, 2015 СВЕТ НИКОЛА ОСИЛО

Tweet




Ограничување на брзината на автомобилите за 20 километри на час и замена на застарените автобуси, се меѓу мерките објавени од италијанската влада за борба против тешкото загадување со ПМ честичките, што ја зафати земјата од понеделникот.

Повеќето големи градови, вклучувајќи ги Милано и Рим, оваа седмица беа принудени да го ограничат движењето на возилата поради тешкото загадување на воздухот.

При отсуство на ветер и врнежи во последните седмици, загадувањето со ситни честички штетни по здравјето во моментот го надминува нивото во многу реони на Италија од прагот определен од СЗО на 50 микрограми на кубен метар.

**Reporter - [(ВИДЕО) Скопје се гуши со 500 микрограми ПМ 10 честички, Рим и Милано поради 70 микрограми трет ден без автомобили]**

## (ВИДЕО) Скопје се гуши со 500 микрограми ПМ 10 честички, Рим и Милано поради 70 микрограми трет ден без автомобили

Најголемите градови во Италија, Рим и Милано поради покачените ПМ 10 честички над дозволените 50 микрограм на метар кубен воздух, го забранија сообраќајот.



Во двата града загадувањето континуирано 18 дена се движело 60 до 70 микгрограми на метар кубен воздух, по што се одлучиле на оваа постапка.



Македонија го има истиот проблем, но со далеку позагрижувачки бројки од Италија. Тетово веќе цел месец дише канцерогени честички чија бројка во еден момент достигна над 800 мирограми на метар кубен воздух.

Иако на масовниот протест во понеделникот до македонските власти беа упатени слични препораки, тие веќе втор ден молчат.




Камерата на А1он и денеска забележа гужва на улиците во центарот на Скопје каде загадувањето месецов има достигнато бројки над 500 микрограми на метар кубен. Став за овој проблем и за тоа дали можеби и Скопје ќе побара „денови без автомобили" побаравме и од надлежните во Градот, но од таму не добивме никаков одговор.



Револтираните граѓани кои протестираа во понеделникот, до државниот врв упатија ултиматум доколку не се среди проблемот со загадувањето до 15 јануари, тие ќе ги блокираат најзагадените градови во државата.




Source: US EPA

Фотографиите на „УС ЕПА" покажуваат дека ПМ 10 честичките се пет пати помали од влакно, а ПМ 2.5 честичките се 20 пати помали од влакното, што прави тие трајно да останат во човековиот организам.

## Екологистите реагираат на неправилности во процедурата околу предлог-измените на Планот за управување со Националниот парк „Галичица“

Препорачај 0

среда, 30 декември 2015 15:36



**Охрид, 30 декември 2015 (МИА) –** Активистите од еколошката Граѓанска иницијатива „Охрид СОС“ реагираат на неправилности по однос процедурата околу предлог-измените на Планот за управување со Националниот парк „Галичица“ за периодот 2012-2020 година.

Јавната расправа по однос измените е закажана за 4 јануари, за време на Новогодишните и Божикните празници, што според нив е спротивно на сите посточки домашни и меѓународни прописи кога се работи за консултирање на јавноста при донесување одлуки од јавен интерес.

Активистите на „Охрид СОС“ бараат итно преместување на временската рамка за консултации со јавноста, со предлог истата да биде закажана за перидот од 11 јануари до 11 февруари идната година.